УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
08 Бр.6/91 од 23. 6. 2020 год.

Врз основа на чл. 62 од Статутот на Архитектонскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот на 51. Седница одржана на 18. 6. 2020година, донесе

# ОДЛУКА

## за содржината и начинот на полагање на тестот за утврдување склоност за студирање архитектура при запишување во прва година

ТЕСТИРАЊЕ НА СПОСОБНОСТА ЗА ВИЗУЕЛНА ПЕРЦЕПЦИЈА НА ГРАФИЧКИ ПРЕТСТАВЕН ПРОСТОР

Се состои од:

- Тестирање на способноста за аналитичко читање на графички претставен геометриски простор;
- Тестирање на способноста за перцепција, рецепција и дистинкција на графички претставени рамнински слики и геометриски тела;

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТЕСТИРАЊЕТО

- Тестирањето се спроведува според термините определени во конкурсот, со почеток точно во 12,00 часот во просториите на Факултетот.
- Времетраењето на тестирањето е 90 минути;
- При тестирањето кандидатите треба да имаат документи за утврдување на идентитетот (лична карта или пасош) и ливче со шифра на кандидатот. Во спротивно на кандидатите не им се дозволува тестирање.
- Комисија за спроведување на тестирањето врши идентификација на кандидатите и затворање на ковертите;

Кандидатот е должен да изработи дваесет задачи од следните типови:

1. Перцепција и одредување на дистинктивни геометриски фигури преку цртеж;
2. Препознавање на тридимензионален приказ на геометриско тело врз основа на зададени ортогонални проекции на телото и обратно;
3. Препознавање на делот кој недостасува од коцка со модуларни димензии;
4. Препознавање на зададен тридимензионален приказ на геометриско тело со менување на точката на гледање.

За секоја задача кандидатот добива одделен лист хартија (вкупно 20 листа А4 формат).

Кандидатот не смее да го оштети листот или да стави било каков знак врз тестот. Во спротивно ќе биде дисквалификуван при оценувањето.

- Оценувањето се врши со поени, на следниот начин: секоја задача може да се оцени со „0“ бодови ако е одговорена погрешно, или „2“ бода доколку е одговорена точно. На тестот можат да се освојат вкупно 40 бода. Тестот има елиминаторен карактер. Ќе се рангираат кандидатите кои освоиле најмалку 15 поени.

Д е к а н

Проф. Д-р Огнен Марина

Доставено до:

- Архивата
- Продеканот за настава
- Студентската служба
- Персоналната служба
- Секретар